ОПШТИНА ЦЕНТАР
Скопје

# АПЕЛ ДО ЖИТЕЛИТЕ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

# ПРИЈАВУВАЈТЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ!

**Почитувани граѓани,**

Ве известуваме дека согласно **Законот за даноците на имот** член 4, 7, 9 и 29:

-Даночните обврзници треба **најдоцна во рок од 15 дена** од стекнувањето со право на сопственост или користење на недвижен имот, да го пријават имотот за оданочување кај општинската администрација или администрацијата на Градот Скопје.

- Даночните обврзници се должни **најдоцна до 31 јануари** да поднесат даночна пријава за недвижен имот кој го поседуваат или користат, а кој не е пријавен за оданочување.

Обврзникот на данокот на имот кој поднел даночна пријава нема обврска за истиот имот да поднесе нова пријава, доколку нема промени во состојбата на имотот кои влијаат на висината на даночната обврска.

За откриениот, а непријавен недвижен имот предвидени се глоби за даночните обврзници согласно Законот за даноците на имот.

**Со цел олеснување на постапката за пријавување на недвижниот имот и неговите промени,** која е обврска на граѓаните и на правните лица како обврзници на данокот на имот, **Ве покануваме** вашите пријави да ги доставите во просториите на Градот Скопје, барака 16, или пак електронски да ги поднесете преку порталот е-даноци на Град Скопје. Пријавите исто така може да ги доставите и во просториите на Општина Центар – Скопје, Архива во барака 6.

**Потребни документи кон пријавата се:**

**За физички лица (граѓани) -** фотокопија од имотен лист како доказ за сопственост, договор за плодоуживање или друг правен акт и лична карта на увид.

**За правни лица** – фотокопии од имотен лист и тековна состојба од Централен регистар

Info@centar.gov.mk

kontakt@centar.gov.mk